Архивски број: 08-414/5
12.12.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-414/1 од 08.05.2025 година поднесена од --- од ---, со адреса на живеење --- во ---, за дискриминација сторена од страна на ---, со седиште --- во ---, врз основа на етничка припадност и возраст во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз --- од --- врз основа на етничка припадност и возраст во областа на работата и работните односи, сторена од страна ---.

**Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: "**Комисијата**") беше поднесена претставка бр. 08-414/1 од 08.05.2025 година, од страна на --- од ---, за дискриминација извршена од страна на ---, а врз основа на етничка припадност и возраст во областа на работата и работните односи.

Во претставката --- наведува дека била дискриминирана по основ на возраст и национална припадност и образование од причина што на --- годишна возраст била прогласена по програма како технолошки вишок и било укинато нејзиното работно место со средна стручна подготовка со кое пред --- била вработена во ---, а сегашна ---. Потенцира дека без никакви проблеми долги години ги извршувала работните задачи совесно, а како неочекувана последица го наведува укинувањето на нејзиното работно место. Воедно, наведува дека се чувствува дискриминирана и по основ на возраст од причина што работодавачот нашол дека наместо после долгогодишното лојално и совесно работење, подносителката да ја награди, таа била избркана односно и престанал работниот однос на наједноставен начин – со нејзино прогласување за непотребна – технолошки вишок, дискриминирајќи ја затоа што била на наведената возраст. Исто така наведува дека била дискриминирана и поради тоа што се определувала како ---, единствена во ---, бидејќи нејзе и покрај нејзината возраст и како декларирана --- ја прогласиле за технолошки вишок.

<u>Кон претставката беа приложени следните докази:</u>

- Одлука --- од --- година за --- и
- Одлука бр. --- од --- година за одбивање на --- донесена од --- при ---.

На 26.05.2025 година Комисијата се обрати со Барање бр. 08-414/2 до --- заради добивање произнесување по наводи во претставка. Во барањето беше наведено дека од особено значење е да бидат доставени следните податоци:

– *На колку лица во --- им е откажан договорот за вработување поради деловни причини,*

*- Врз основа на кои критериуми е спроведена постапка за евалуација, а согласно --- на ---,*

*- Дали во периодот од донесување на --- до денот на прием на предметното барање банката има објавено оглас/и за вработување и за кои работни места (со опис на работни цели и задачи) и*

*– Опис на работни цели и задачи на работно место на кое --- до донесување на ---.*

По ова, на 14.07.2025 година во Комисијата пристигнато е Известување по барање за произнесување по наводи во претставка --- од --- година од страна на ---.

Во доставеното известување наведено е дека договорот за вработување од деловни причини им бил откажан на 2 (две) лица. Критериумите кои биле спроведени во постапката за евалуација биле утврдени согласно Закон за работните односи и Колективен договор, а согласно --- земени предвид биле следните критериуми:

– стручна подготовка и квалификација 5%,
- познавање на работата 30%,
- успешност во работењето 30%,
- вид и значење на работното место 5%,
- работен стаж кај работодавачот 5%,
- возраст 5%, - здравствена состојба 5%,
- економско – социјална состојба 5%,
- работник кој е до 5 години пред одење во пензија 5%,
- самохран родител 5%.

Понатаму, наведени се работните места за кои банката имала објавено екстерни огласи во период од донесување на --- до денот на прием на барањето, и тоа за:

– соработник за ---,
- соработник за --- ,
- соработник за ---,
- соработник за ---,
- соработник за ---,
- сениор специјалист за ---,
- соработници за ---,
- --- соработник ,
- помлад соработник за ---,
- помлад соработник за ---,
- соработник за ---,
- соработник за ---,
- благајник – ---,

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

- помлад соработник за---,
- соработник за --- и
- соработник за ---.

Во произнесувањето наведени беа и објавените интерни огласи, и тоа:
– специјалист за ---,
- ---,
- соработник за --- и
- соработник за ---.

Се наведува дека структурата на работните места била утврдена со---, а описот на работните задачи бил составен дел на --- уредени со --- и со --- . Приложен е табеларен преглед на работни места во рамки на --- од каде е видно дека за работното место – --- на кое ---, предвиден степен на образование е Високо образование. Понатаму даден е преглед на целите на работното место и одговорностите на истото. Заклучно наведено е дека критериумите – возраст, работник кој е 5 години пред одење во пензија и работен стаж кај работодавачот, во постапката за евалуација биле земени предвид како позитивни елементи врз основа на кои биле доделени дополнителни процентни поени при спроведување на евалуацијата на работењето на ---, додека пак етничката припадност не била земена како фактор во одлучувањето. Се истакнува дека на работничката редовно и се одобрувало отсуство за Денот на --- во согласност со Закон за празниците на начин што --- барања кои биле одобрувани согласно внатрешните акти на ---.

**Врз основа на наводите во претставката, произнесувањето по истата и доставените докази, се утврди следната фактичка состојба**: подносителката на претставката --- од --- била вработена во --- од --- година, а како ---, на работно место – ---, во --- во ---. На --- година --- донел --- за утврдување на постапка за престанок на работен однос на работници од деловни причини во која се наведувало дека <u>заради оптимизација на процесите и рационализација на работењето, автоматизација и дигитализирање на процесите како резултат на усогласувањето со стандардите за работа се наметнала потребата од отпочнување на постапка за престанок на работен однос од деловни причини на 2 (двајца) извршители</u> во рамки на ---, и тоа кај работните места
– помлад соработник за ---,
- соработник за --- и
– самостоен соработник за ---.
Бројот на извршители на наведените работни места на денот на --- изнесувал --- вработени. Воедно со ---, директорот на --- во соработка со раководителот на --- и раководител на ---, биле задолжени да спроведат постапка за евалуација заради определување на структурата на работниците на кои им се откажувал договорот за --- , по точно определени критериуми, утврдени со Законот за работни односи. Како резултат на спроведената евалуација и предлогот за 2 (двајца) вработени со најмал број

бодови во постапка за евалуација на --- година, --- усвоил одлука за --- работници од деловни причини. На --- договорот и бил откажан со отказен рок во траење од ---, а заклучно со денот на престанок на работниот однос предвидено било дека --- утврдени за --- пред ---. По однос на нејзината ---, на --- и било ---.

Врз основа на сето наведено, Комисијата утврди дека од страна на --- не е извршена дискриминација врз основа на возраст и етничка припадност кон --- од --- во областа на работата и работните односи. Ова со оглед дека покрај на подносителката на претставката, договорот за вработување му бил откажан на уште едно лице поради истите причини – деловни причини, а по спроведена евалуација врз основа на точно утврдени критериуми, меѓу кои како критериум била вреднувана и возраста и годините стаж на вработените. Со оглед да постапката била спроведена на овој начин, --- не била нееднакво третирана како и останатите вработени --- врз кои била спроведена постапката на евалуација. Дополнително, Комисијата не можеше да утврди дека постои различен третман кон --- поради нејзината ---, а со оглед да оваа околност не е предвидена како еден од критериумите врз основа на кои би се правела евалуацијата, а нејзиното право на --- било остварувано. На --- исто така и била --- и не и било ускратено остварување на правата кои може да се остварат во случај на невработеност. Со оглед на сето, се утврди дека не се исполнети елементите на битието на директна дискриминација онака како е таа дефинирана со член 8 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација според која "*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*"

Следствено, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
28.11.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:
- 
- 
- Архива на КСЗД